Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-852/9**
**Датум: 31.01.2019 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 60 од Законот за животната средина („Службен весник на Репблика Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07. 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Советот на Општина Карпош, на осумнаесеттата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ОДЛУКА
**за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за односи со јавноста да ја објави оваа одлука и ЛЕАП-от на официјалната веб странаta на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 09-573/10**
**Датум:30.01.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев